**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
Бул. Гоце Делчев 9а. 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 03-464/3
16-03-2020
Скопје

Врз основа на член 85 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во согласност со Заклучоците од 15-седница на Владата на Република Северна Македонија Деканатската управа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за прекин на наставнообразованиот процес на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“

**Член 1**

Во согласност со Заклучоците од 15-седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10.3.2020 година, кои се однесуваат на воведување на дополнителни мерки во рамките на системот за заштита на јавното здравје поради ризикот од ширење на коронавирусот CoVid-19 и Известувањето од Министертвото за образование и наука бр. 14-3812/1 од 11.3.2020 година се прекинува изведувањето на високообразовниот процес во следните 14 дена и сите студенти нема да посетуваат настава.

**Член 2**

Оваа Одлука се применува додека траат мерките.
Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 4**

Одлуката да се објави на веб страницата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
проф. д-р Анета Дучевска